# Еднодневна дебата: „Колку е локалната информација застапена во националните весници во Македонија?“

Гласникот
http://balkans.courriers.info

Сабота, 19 септември 2009 година, 12:00 – 16:30

Клуб на новинари, Скопје

„Гласникот“ (Le Courrier de la Macédoine) има чест да Ве покани да учествувате на еднодневната дебата на тема **покриеноста на локалните вести од страна на пишаните медиуми во Македонија**.

**Целта** на оваа дебата е :

- да се **добие претстава** за застапеноста на локалните вести во националниот печат во Македонија
- да се **поттикне понатамошно размислување и дејствување** во прилог на посветла иднина за локалните вести во Македонија

**Дебата: 12:00-14:00**

Учесници: Новинари – локални дописници од националните весници, членови на редакцијата на националниот печат, новинари од локалните весници, претставници на општините, новинари од Долна Нормандија.

Набљудувачи: Претставници на организациите, вклучени во соработката помеѓу Долна Нормандија и Македонија

**Ќе се отворат следниве прашања:**

- Како националните весници ја третираат локалната вест (обем, квалитет, географска застапеност)?
- Дали националните весници имаат одредена стратегија за застапеноста на локалните вести? Доколку имаат, каква е таа?
- Од какво значење е локалната вест, важна ли е за читателите?
- Како општините комуницираат меѓусебе и кој е нивниот став за застапеноста на локалните вести во пишаниот медиум?
- Во кој правец може да се размислува и дејствува со цел поголема застапеност на локалните вести во иднина?

**Пауза со ужина**

**Работилница со дописниците: 14:30–16:30**

Учесници: новинари-локални дописници од националните весници, новинари од локалните весници

Практична работа и размена на искуства со новинарите од Долна Нормандија во врска со локалното дописништво како професија.

**Поканети се:**

**Новинари-локални дописници од дневните весници** *Дневник, Нова Македонија, Утрински весник, Вечер и Вест* (присуството треба да се потврди)

**Новинари од редакциите на националните дневни весници, кои известуваат за локални случувања** (присуството треба да се потврди)

**Претставници на општините, одговорни за односи со јавноста** (присуството треба да се потврди)

**Кристијан Бузол -** новинар во неделниот весник *„Ла газет де ла Манш, Ил-е-Вилен е Мајен“* (Франција), (*La Gazette de la Manche, Ile-et-Vilaine et Mayenne* (France))

**Бријак Требер** – новинар-дописник за дневниот весник *„Ожурдуи ан Франс“* (Каен, Франција) (*Aujourd’hui en France* (Caen, France))

Настанот ќе го води **Викторио Јаковлевски (** Здружение на новинари**)**

**Место:**
**Клуб на новинари**
**Градски ѕид бр.13**
**1000 Скопје, Македонија**


**Лице за контакт**
Елена Костовска
elkostovska@yahoo.com
+389 71 808 008


**Настанот е организиран во рамките на проектот “Децентрализирана соработка помеѓу Долна Нормандија и Македонија”**

Région Basse-Normandie

Liberté • Égalité • Fraternité
RÉPUBLIQUE FRANÇAISE

ALDA
Association of Local Democracy Agencies
Association des Agences de la Démocratie Locale